# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 16 | Среда, 24 октомври 2007 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| 142. | Правила за работа на облиците на месната самоуправа во Општина Струмица ............................................ | 2 |
| 143. | Одлука за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион | 11 |
| 144. | Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Добрејци за период од јануари 2008 до декември 2008 година ....................................................... | 13 |
| 145. | Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Просениково за период од јануари 2008 до декември 2008 година............................................... | 15 |
| 146. | Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Дабиле за период од јануари 2008 до декември 2008 година .. | 16 |
| 147. | Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Градско Балдовци за период од јануари 2008 до декември 2008 година | 17 |
| 148 | Заклучок за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија…………………… | 18 |
| 149. | Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија.. | 19 |
| 150. | Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица во учебната 2006/2007 година | 22 |
| 151. | Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица за 2007/2008 година………. | 23 |
| 152. | Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Струмица за 2006/2007 година …………………………… | 23 |
| 153. | Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Струмица за 2007 - 2008 година………………………… | 24 |

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Правилата за работа на облиците на месната самоуправа во Општина Струмица**

1. Се објавуваат Правилата за работа на облиците на месната самоуправа во Општина Струмица, донесени на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4768/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

142.

Врз основа на член 20 и 123 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06 и 4/07), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

**П р а в и л а**
**за работа на облиците на месната самоуправа во Општина Струмица**

1.Општи одредби

Член 1

Со овие правила се уредува работата на облиците на месната самоуправа основани на подрачјето на Општина Струмица, а особено: работите во надлежност на урбаните односно месните заедници, нивното финансирање, меѓусебната соработката и комуникацијата со општината, информирањето на граѓаните во населените места, надзорот и другите прашања од значење за работата на урбаните односно месните заедници.

Член 2

Во општината се создаваат услови за основање на урбаните и месните заедници како битен елемент на општината со што се овозможува на граѓаните да придонесуваат за нејзино подобро функционирање во целина, непосредно да ги согледуваат проблемите на заедничкиот живот во соседството, да расправаат за можностите за нивно решавање, да донесуваат одлуки и да здружуваат средства, како и непосредно да се ангажираат во спроведувањето на заеднички донесените одлуки.

Член 3

Месните, односно урбаните заедници работат во рамките на правата утврдени со Статутот на општината, одлуката за основање и делегирање на надлежностите од страна на градоначалникот на општината.

Член 4

Месната, односно урбаната заедница, има име утврдено со Одлуката за основање.

На подрачјето на општината имињата на урбаните, односно месните заедници се разликуваат и не може да постојат две или повеќе урбани односно месни заедници со исто име.

Работењето на урбаната односно месната заедница се однесува за подрачјето за кое е основана.

Член 5

Урбаната односно месната заедница нема својство на правно лице.

Во рамките на законските и статутарни овластувања и делегираните работи и надлежности од страна на Градоначалникот, урбаната, односно месната заедница ја претставува и застапува претседателот на Советот на заедницата , а во негово отсуство член на Советот определен од претседателот на Советот .

Член 6

Урбаната, односно месната заедница може да користи печат со кој ја потврдува автентичноста на потписите на овластените лица на донесените документи од делокругот на нивното дејствување и овластувања и делегираните надлежности од страна на Градоначалникот на општината.

Печатот на месната, односно урбаната заедница е со округла форма со испишан текст на името на општината во концентричен круг, а името на месната заедница е испишано хоризонтално во средината на печатот.

Месната заедница има штембил со правоаголна форма на кој е испишано името на месната – урбаната заедница, број на актот, датум и место кој штембил се користи при вообичаеното административно и архивско работење.

Член 7

Месните, односно урбаните заедници меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси.

Месните - урбаните заедници можат, заради остварување на заеднички интереси, да соработуваат и да здружуваат средства и со месни - урбани заедници од подрачјето на други општини во согласност со договор за меѓуопштинска соработка на ниво на општина.

Член 8

Урбаната, односно месната заедница задолжително се евидентира во Евиденцијата на облиците на месната самоуправа која се води во Одделението за односи со јавноста и облиците на месната самоуправа во општината.

2. Основање на облици на месна самоуправа

Член 9

Граѓаните во општината ги основаат облиците на месната самоуправа заради остварување на уставното право на месна самоуправа како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачјето за кои тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

Во општината како облици на месната самоуправа се основаат урбани заедници (во градот) и месни заедници (во населените места) согласно урбанистичкиот план на град Струмица и катастарската општина на населеното место.

Член 10

Иницијатива за основање облици на месната самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кое се има интерес за основање на урбана односно месна заедница.

Член 11

Иницијативата за основање облик на месна самоуправа се доставува до Советот на општината задолжително во писмена форма.

Член 12

Иницијативата поднесена до Советот на општината содржи:

- список на граѓаните кои ја покренуваат иницијативата со име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот и негов потпис;
- подрачјето за кое се бара основање на урбаната односно месната заедница со опис на границите според урбанистичкиот план односно катастарската општина на населеното место;
- образложение за потребите од основање на обликот на месната самоуправа, особено ако се работи за нова урбана заедница во градот.

Член 13

Советот на општината ја разгледува иницијативата и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месната самоуправа.

Кога Советот на општина ќе оцени дека се исполнети условите и основани потребите, донесува одлука за основање на урбана односно месна заедница.

Член 14

Одлуката за основање на облик на месната самоуправа содржи:

- видот на обликот на месната самоуправа и подрачјето за кое се основа
- името на урбаната односно месната заедница,
- овластување на Градоначалникот за свикување на првиот Собир на граѓани.

Член 15

По донесувањето на одлуката, Градоначалникот објавува оглас со кој се свикува првиот Собир на граѓани на кој се избираат членовите на Советот на обликот на месната самоуправа.

Со работата на првиот Собир на граѓаните раководи градоначалникот на општината или лице од општинската администрација кое тој ќе го овласти.

Член 16

Новооснованата урбана односно месна заедница задолжително се запишува во регистарот на облиците на месната самоуправа во општина Струмица.

3.Работи во надлежност на облиците на месната самоуправа

Член 17

Во остварувањето на своите законски и статутарни права и обврски граѓаните во месните - урбаните заедници особено:

- ги разгледуваат и заземаат ставови по прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје,
- утврдуваат предлози за прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје,
- одлучуваат за одделни прашања што не се во надлежност на органите на општината и органите на државната власт,
- одлучуваат и за други прашања од интерес на граѓаните.

Член 18

Граѓаните во урбаната, односно месната заедница расправаат, даваат иницијативи за донесување одлуки и други прописи, одлучуваат за остварувањето на заедничките интереси им даваат предлози на надлежните органи и преземаат мерки за разрешување на локалните проблеми од областа на :

- комуналните дејности (снабдувањето со вода и одводот на отпадните води, одржувањето на хигиената и зеленилото, изградбата и одржувањето на патната мрежа, уредувањето и одржувањето на гробиштата во населените места),
- заштита на животната средина (заштита од загадување на водата, воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава и др.),
- урбанистичко уредување на просторот,
- јавниот превоз на патници,
- образованието, здравството и социјалната заштита,
- културни, забавни и спортски манифестации и одржување на објектите од јавен интерес,
- развивање на добрososедските односи,
- снабдувањето со стоки и услуги како и заштита на потрошувачите како и
- други прашања од секојдневното значење за животот и работата на граѓаните од урбаната односно месната заедница.

Член 19

Урбаните, односно месните заедници имаат право да даваат иницијативи и предлози за решавање на определени прашања од страна на општината и да бараат од општината да ги покренува тие прашања пред надлежните органи.

Член 20

Урбаните, односно месните заедници даваат предлози до органите на општината за членови на посебните тела на општината кои разгледуваат прашања од областа на урбанизмот, заштита на потрошувачите, односите меѓу заедници застапени во општината, како и за други предлози за кои тоа е предвидено со закон, статутот и другите прописи на општината.

Член 21

Урбаните, односно месните заедници вршат и определени работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на

граѓаните, а се од надлежност на општината, доколку им бидат делегирани и доверени од страна на градоначалникот на општината.

Градоначалникот на општината со свое решение го определува органот и начинот на вршење на надзорот над извршувањето на делегираните надлежности.

Средствата за вршење на делегираните и пренесени надлежности ги обезбедува општината.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

4.Организација на облиците на месната самоуправа

Член 22

Во урбаните, односно месните заедници за вршење на работите од нивна надлежност се организира Собир на граѓани (во текстот понатаму - Собир) и се формира Совет на урбаната односно месна заедница (во текстот понатаму - Совет) како орган на месната самоуправа.

4.1.- Собир на граѓани

Член 23

Собирот на граѓани го сочинуваат сите полнолетни граѓани кои живеат на подрачјето на урбаната, односно месната заедница.

Собирот се свикува со објавување на јавен повик или на друг погоден начин (објавување на видно место, писмено известување, локални медиуми и сл.).

Собирот по правило се свикува најмалку еднаш во годината.

Собирот го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива, на барање на советот на месната односно урбаната заедница или на барање од најмалку 10% од граѓаните запишани во изводот од избирачкиот список на месната самоуправа за која е свикана.

Член 24

Собирот на граѓани го води градоначалникот или лице од општинската администрација кое тој ќе го овласти Собирот работи по точките од утврдениот дневен ред.

За работата на Собирот се води записник . Записникот го потпишуваат претседавачот на Собирот, записничарот и двајца заверувачи од редот на присутните граѓани на Собирот.

Член 25

На Собирот граѓаните ги разгледуваат и усогласуваат ставотите и парашањата од надлежност на урбаната, односно месната заедница, се покренуваат иницијативи и се одлучува за сите прашања кои се од заеднички интерес на граѓаните од урбаната средина односно населеното место.

Член 26

На собирот граѓаните на урбаната односно месната заедница особено:

- покренуваат иницијатива до општината за распишување на референдум,
- одлучуваат за формирање на Совет и избираат членови на Советот,
- разгледуваат проекти од интерес на заедницата,
- расправаат и решаваат за други парашања утврдени со Закон, Статутот и другите прописи на општината.

Член 27

На Собирот на граѓаните одлучуваат полнолетните граѓани, а одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните.

Член 28

Во урбаните, односно месните заедници во кои не се формира Совет, Собирот на првото свикување избира претседател на Собирот со мандат од 4 (четири) години.

Предтседателот на Собирот за време на траење на мандатот ги врши сите функции и надлежности предвидени за претседателот на Советот, односно Советот на обликот на месната самоуправа.

4.2.- Совет на урбаната, односно месната заедница

Член 29

Орган на управување во облиците на месната самоуправа е Советот на урбаната, односно месната заедница.

Советот е составен, од најмалку 5 до 11 члена.

Мандатот на членовите на советот трае 4 (четири) години со право на повторен избор.

Член 30

На членот на Советот мандатот му престанува во следните случаи:

- со писмена неотповиклива оставка,
- со промена на местото на живеење,
- поради отсуство подолго од шест месеци,
- со смрт на членот на Советот.

Член 31

Советот во целосен состав или негови поедини членови можат да бидат отповикани и пред истекот на мандатот за кој се избрани поради:

- неоправдано отсуство на повеќе од 3 седници на Советот,
- непочитување на правилата за работа,
- непримерно однесување,
- во други случаи кога граѓаните ќе се изјаснат на Собир.

4.2.1.- Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот

Член 32

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот со која воедно се определува и бројот на членовите на Советот во новиот состав.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Градоначалникот на општината во натамошен рок од 15 дена.

Доколку и Градоначалникот на опшината не ја донесе одлуката од ставот 2 на овој член, одлуката за распишување на избори за членови на Советот се донесува на Собир на граѓани.

Член 33

Членовите на Советот се избираат на собир на граѓани со јавно гласање, со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Член 34

Предлог за кандидат за член на советот може да поднесе секој полнолетен присутен член на собирот.

Предлозите за кандидат се даваат поединечно и секој има право да предложи само по еден кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќње на кандидатурата.

Член 35

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните граѓани на собирот.

Член 36

На собирот на граѓаните може да се предложат односно утврдат најмногу двапати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на Советот.

Член 37

Изборот за членови на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на Собирот.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

Член 38

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови и заради тоа неможе да се утврди кој од нив добил мандат за член на Советот, гласањето се повторува само за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати за членови колку што не се избрани.

4.2.2.- Работа на Советот

Член 39

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуват по потреба.

Член 40

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот.

За својата работа Советот донесува Деловник за работа.

Член 41

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав во рок од десет дена од одржувањето на изборите.

Доколку првата седница на новиот Совет не е свикана во рокот од преходниот став на овој член , членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

Член 42

На првата седница Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите избира претседател, на начин определен за избор на претседател на Советот на општината , согласно Законот за локалната самоуправа и Статутот на општина Струмица.

До изборот на претседател на Советот со седницата раководи еден од членовите на Советот.

Претседателот на Советот ја претставува и застапува урбаната, односно месната заедница.

Член 43

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број на неговите членови

Советот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Член 44

Во случаите на престанок на мандатот на член на Советот предвидени во членот 30 од овие Правила, се спроведуваат дополнителни избори.

Член 45

Советот ги врши следните работи:

- Донесува Програма и план за работа на урбаната, односно месната заедница.
- донесува одлука за изградба, одржу-вање и користење на објекти од јавен инветерес,
- донесува Деловник за својата работа,
- поднесува иницијатива за распишување на референдум,
- утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на собир,
- се грижи за спроведување на заклучоците на Собирот на граѓаните,
- именува членови на комисии и други работни тела,
- донесува одлука за свикување Собир на граѓани и презема активности за негово одржување,
- спроведува анкети,
- соработува со Градоначалникот, Советот на општината, општинската администрација и другите органи и организации,
- врши и други работи определени со Закон, Статут на општината и други прописи.

Член 46

За својата работа Советот одговара пред Собирот на граѓаните

Член 47

Претседателот на Советот на урбаната, односно месната заедница ги врши особено следните работи:

- ја претставува и застапува урбаната, односно месната заедница,
- ги подготвува седниците на Советот,
- ги потпишува актите и заклучоците на Собирот на граѓаните како и на органите и телата на урбаната, односно месната заедница,
- го информира Советот за својата работа,
- раководи со реализацијата на програмата на урбаната, односно месната заедница одобрена од Советот на општината,
- соработува со општинската администрација во реализацијата на надлежностите на урбаната, односно месната заедница
- ги врши работите делегирани од Градоначалникот на општината,
- се грижи за законитоста на работењето на урбаната, односно месната заедница.

4.2.3.- Работни тела на Советот

Член 48

За спроведување и разгледување на одделни парашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот

може да формира работни тела во вид на комисии како:

- комисија за уредување на населбата,
- комисија за заштита и унапредување на човековата околина,
- комисија за јавни дејности,
- комисија за развој и унапредување на услужните дејности, (занаетчиството, земјоделството и други стопански дејности),
- комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

Член 49

Со актот за формирање на работни тела се утврдуваат делокругот, составот и времето за кое се формираат работните тела.

Работните тела за својата работа поднесуваат извештај до Советот најмалку еднаш годишно.

4.3.-Специјализирани (интересни) собири

Член 50

Советот заради разгледување на одделни прашања може да свика специјализирани собири.
Како специјализирани собири може да се свикаат :

- собир на потрошувачи и корисници на услуги,
- собир на родители,
- собир на станари,
- собир на индивидуални земјоделци,
- други специјализирани собири.

Член 51

На специјализираните собири се разгледуваат прашањата, состојбите и проблемите од областа за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да присуствуваат и претставници на општината, одделни подрачни единици на Министерствата и други заинтересирани и стручни органи и организации.

4.4. – А н к е т а

Член 52

Анкета е форма преку која граѓаните писмено одлучуваат за одредени предлози на Советот на урбаната, однсно месната заедница, Градоначалникот или Советот на општината за утврдување приоритет при решавањето на определени парашања и давање мислења и предлози кои прашања би требало да се третираат во наредниот период.

Ако мнозинството од граѓаните по пат на анкета се изјаснат за определен предлог на Советот, Градоначалникот или Советот на општината, во тој случај истиот се смета за прифатен.

Одлука за спроведување на акнкетирањето донесува Советот.

5. Поддршка на работата на облиците на месната самоуправа

Член 53

Урбаните, односно месните заедници работите од својата надлежност ги извршваат со стручна, техничка и материјална поддршка од опшината.

Стручната поддршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои урбаните, односно месните заедници покренуваат решавање на прашња од интертес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката поддрша подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуникација.

Материјалната поддрша подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

Член 54

Поддршка на работата на урбаните односно месните заедници се обезбедува преку државни службеници во опшинската администрација задолжени за организацијата и работата на месната самоуправа.

Претставниците на урбаните, односно месните заедници поддршката ја остваруваат непосредно со државните службеници од ставот 1 на овој член.

**Член 55**

**Поддршката на работа се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на месните односно урбаните заедници со државните службеници од општинската администрација.**

**Поддршката се обезбедува и преку задолжително присуство на раководни државни службеници од опшинската администрација на собири и седници на советот заради давање стручни појаснувања и образложенија на материјалите за кои се расправа.**

**Член 56**

**За доверените работи од Градоначалникот на претседателот на Советот целосно му се обезбедуваат услови за нивно извршвање.**

**За извршвање на доверените работи од страна на Градоначалникот на претседателот на Советот му се даваат упатства и насоки.**

**Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.**

**6.- Ф и н а н с и р а њ е**

**Член 57**

**Работата на месните заедници се финансира од:**

- **буџетот на опшината,**
- **средства што граѓаните непосредно ги здружуваат,**
- **приходи од имот што општината го дала на месната заедница на управување,**
- **средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица,**
- **подароци и**
- **други средства.**

**Член 58**

**Од Буџетот на општината се финансира:**

- **тековното работење на урбаните, односно месните заедници,**
- **програмите за финансирање на одредени активности на подрачјето на месните - урбаните заедници,**
- **други потреби на месната односно, урбаната заедница.**

**Член 59**

**За финансирање на тековните активности урбаната, односно месната заедица е должна до крајот на второто тримесечие од тековната година до општината да ги достави годишните потреби на средства за покривање на тековните трошоци.**

**Член 60**

**Со програмата за финансирање на одредени активности на своето подрачје месните заедници го утврдуваат видот на активностите, го определуваат износот и изворите на средствата и ја определуваат динамиката на нивното извршување.**

**Програмата се доставува до општината во календарската година до крајот на вториот квартал, со предлог за нејзино вградување во буџетот на општината за наредната календарска година.**

**Програмите за кои се обезбедени повеќе од 50% од потребните средства од страна на урбаните односно, месните заедници имаат приоритет при утврдувањето на Буџетот на општината.**

**7.- Соработка меќу урбаните и месните заедници**

**Член 61**

**Урбаните и месните заедници од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.**

**Меѓусебната соработка се остварува преку:**

- **покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзината надлежност,**
- **меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес**
- **размена на искуства од своето работење.**

**Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на урбаните и месните заедници, заеднички седници на советите и на работните тела.**

**Заедничките иницијативи на урбаните и месните заедници до општината за решавање на прашања од нејзината надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на**

иницијативата од страна на урбаните и месните заедници.

Член 62

Урбаните, односно месните заедници од подрачјето на општината можат да соработуваат и со урбаните и месните заедници од подрачјето на соседна и други општини.

Урбаната, односно месната заедница е должна да ја извести општината за остварената соработка со месната заедница од друга општина ако соработката е остварена за прашање од надлежност на општината.

8.- Комуникација со општината

Член 63

Урбаните и месните заедници остваруваат комуникација со оптшините преку присуство на нејзини претставници на средби со градоначалникот на општината и со претседателот на советот.

Средбите се одржуваат по иницијатива на претставници на урбаните односно месните заедници или по иницијатива на Градоначалникот на општината или Советот.

Претставници на урбаните, односно месните заедници можат да присуствуваат на седниците на Советот, особено кога се расправа за прашања кои имаа допирни точки со интересите на граѓаните од урбаната, односно месната заедница.

Член 64

Урбаните, односно месните заедници редовно се информираат за седниците на Советот со доставување на метеријали за кои се расправа и одлучува на Советот на општината.

Урбаните, односно месните заедници по барање на Советот даваат мислење по материјалите што се од непосреден интерес за граѓаните на урбаните, односно месните заедници.

9. Информирање на граѓаните во месните заедници

Член 65

Советот е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашања за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги презема, а што се од значење за граѓаните на месната, односно урбаната заедница.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање, локалните медиуми или на друг погоден начин.

10.- Н а д з о р

Член 66

Надзор над примената над овие Правила за работата на урбаните односно месните заедници врши општината преку стручните служби и државните службеници вработени во општинската администрација.

11. Преодни и завршни одредби

Член 67

Со влегувањето во сила на овие Правила престануваат да важат досегашните Статути на месните заедници на територијата на општина Струмица.

Од денот на влегувањето во сила, овие Правила ќе се применуваат во постојните облици на месната самоуправа во општина Струмица и тоа:

а) во урбаните заедници во градот Струмица:

- Прва урбана заедница “Партизан”
- Втора урбана заедница “Благој Мучето”
- Трета урбана заедница “Боро Поцков”
- Четврта урбана заедница “Чифлик”
- Петта урбана заедница “Карпош“
- Шеста урбана заедница “Гоце Делчев”
- Седма урбана заедница “Центар”
- Осма урбана заедница “Димитар Влахов”

б) во месните заедници во населените места:

- месна заедница - Баница
- месна заедница - Банско
- месна заедница - Белотино
- месна заедница - Вељуса
- месна заедница - Водоча
- месна заедница - Габрово
- месна заедница - Градско Балдовци

- месна заедница - Дабиле
- месна заедница - Добрејци
- месна заедница - Дорломбос
- месна заедница - Костурино
- месна заедница - Куклиш
- месна заедница - Мемешли
- месна заедница - Муртино
- месна заедница - Орманли
- месна заедница - Попчево
- месна заедница - Просениково
- месна заедница - Раборци
- месна заедница - Р и ч
- месна заедница - Сачево
- месна заедница - Свидовица
- месна заедница - Три Води

како и

в) на урбаните и месни заедници кои ќе се формираат во текот на примената на овие Правила.

**Член 68**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Број 07-4768/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион**

1. Се објавува Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4767/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**143.**

Врз основа на член 254 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (“Сл. весник на РМ” број 63/07) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица(”Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион**

**Општи одредби**

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Југоисточниот плански регион, се основа Центар за развој на Југоисточниот плански регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиштето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е во Струмица на улица “Сандо Масев” број 1.

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, ги врши следниве работи:

- ја изготвува Предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- подготвува предлог –проекти за развој на планскиот регион и за подрачјето со специфични потреби;
- ги доставува предлог – проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;

- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓаните и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- спроведува проект за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- врши промоции на развојните можности на планскиот регион;
- подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и Советот на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- врши стручни и administrтивни работи за потребите на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Организациска поставеност

Член 5

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (во понатамошниот текст: Центар) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Југоисточниот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Член 6

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следните услови:

- ги исполнува општтите услови за вработување, според Законот за работни односи;
- има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;
- има завршено VII степен високо образование, од општествените науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично);
- има познавање за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа.

Член 7

Раководителот на Центарот ги има следните надлежности:

- го претставува и застапува Центарот;
- го извршува годишниот буџет на Центарот;
- го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Центарот;
- одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на Центарот;
- донесува правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- раководи со администрацијата на Центарот;
- предлага на Советот на Југоисточниот плански регион, програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој

на Југоисточниот плански регион;
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;
- врши и други работи утврдени со Закон.

Член 8

Центарот има администрација, која се организира во сектори или одделенија.

Одлуката за организација на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Југоисточниот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

Финансирање на Центарот

Член 9

Центарот има годишен буџет, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Предлог буџетот на Центарот, мора да се достави до Советот за развој на Југоисточниот плански регион најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на одлука за усвојување на буџетот на Центарот, се донесува одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок од три месеци не се усвои буџетот за финансирање на Центарот за тековната година, се применува буџетот од претходната година.

Член 10

Единиците на локалнта самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Цетнарот.

Член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југоисточниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансформираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советот на единиците на локалнта самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион.

Трансферот на средства ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Член 12

Раководителот на Центарот доставува годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и до Советот на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

Член 13

На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Цетнарот.

Преодни и завршни одредби

Член 14

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите Совети на единиците на локалната самоуправа од југоисточниот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

Член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа одлука, од страна на сите Совети на единиците на локалнта самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

Член 16

Заради имплеметнација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, градоначалниците на единиците на локалната самоурпава од Југоисточниот регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

Член 17

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-4767/1 Советна општина Струмица
18.10.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Решение**
**за објавување на Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Добрејци за период од јануари 2008 до декември 2008 година**

1. Се објавува Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Добрејци за период од јануари 2008 до декември 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4763/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

.........................

**144.**

Врз основа на член 28 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02), член 36 од Законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” број 81/05), член 7 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 20 и 67 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

**Одлука**
**за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните од населеното место Добрејци за период од јануари 2008 до декември 2008 година**

Член 1

Се распишува референдум за воведување на самопридонес за населеното место Добрејци за период јануари 2008 -декември 2008 година.

Член 2

Самопридонесот се воведува за остварувањето на заедничките интереси и потреби на граѓаните од обласа на комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење.

Член 3

Средствата од самопридонесот ќе се наменат за изградба на водоснабдителен систем –секундарна водоводна мрежа.

Вкупниот планиран износ на средствата од самопридонесот за финансирање на намената од член 1 на оваа Одлука ќе изнесува 8.000.000,00 денари.

Општина Струмица со средства од Буџетот на Општината ќе учествува со 50% од вкупниот износ..

Член 4

Самопридонесот се воведува во пари и тоа:

-секоја фамилија –куќа да уплати вкупен износ од 12.000,00 денари, односно по 1.000,00 денари на 12 месечни рати почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година.

Член 5

Обврзници за плаќање на самопридонес се сите граѓани,кои имаат живеалиште на подрачјето на кое се воведува самопридонес,лица кои имаат недвижен имот на тоа подрачје , а живеат на друго место, како и други лица кои можат да имаат интерес од самопридонесот..

Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија за спроведување на локалните избори.

Член 6

. Лица семејства кои ќе бидат ослободени од плаќање на самопридонес ќе се утврдат на Собир на граѓани со мнозинство на гласови од присутните членови.

Член 7

Референдумското прашање ќе биде:

“Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Добрејци, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Добрејци и 50%

Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Добрејци, при што граѓаните од Добрејци да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износ од 12.000,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 1.000,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година" .

1. ЗА
2. ПРОТИВ

Член 8

Референдумот ќе се одржи на ден 18.11.2007 година (недела).

Член 9

Советот на општината со посебна одлука утврдува орган (комисија) кој ќе врши надзор за наменско трошење на средствата и употреба на средствата од самопридонесот.

Член 10

Средствата од самопридонесот ќе се користат сукцесивно според изведувањето на градежните работи - односно изградбата на водоснабдителниот систем во периодот јануари 2008 – декември 2008 година.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица", а ќе се објави преку средствата за јавно информирање.

Број 07-4763/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Просениково за периодот од јануари 2008 до декември 2008 година

1. Се објавува Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Просениково за период од јануари 2008 до декември 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4764/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................

**145.**

Врз основа на член 28 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02), член 36 од Законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните ("Сл. весник на РМ" број 81/05), член 7 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 20 и 67 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

О д л у к а
за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните од населеното место Просениково за период од јануари 2008 до декември 2008 година

Член 1

Се распишува референдум за воведување на самопридонес за населеното место Просениково за период јануари 2008 -декември 2008 година.

Член 2

Самопридонесот се воведува за остварувањето на заедничките интереси и потреби на граѓаните од областа на комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење.

Член 3

Средствата од самопридонесот ќе се наменат за изградба на водоснабдителен систем –секундарна водоводна мрежа.

Вкупниот планиран износ на средствата од самопридонесот за финансирање на намената од член 1 на

оваа Одлука ќе изнесува 6.600.000.00 денари.

Општина Струмица со средства од Буџетот на Општината ќе учествува со 50% од вкупниот износ.

Член 4

Самопридонесот се воведува во пари и тоа:

-секоја фамилија –куќа да уплати вкупен износ од 12.500,00 денари, односно по 1.042,00 денари на 12 месечни рати почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година.

Член 5

Обврзници за плаќање на самопридонес се сите граѓани,кои имаат живеалиште на подрачјето на кое се воведува самопридонес,лица кои имаат недвижен имот на тоа подрачје , а живеат на друго место, како и други лица кои можат да имаат интерес од самопридонесот..

Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија за спроведување на локалните избори.

Член 6

Лица семејства кои ќе бидат ослободени од плаќање на самопридонес ке се утврдат на Собир на граѓани со мнозинство на гласови од присутните членови.

Член 7

Референдумското прашање ќе биде:

“Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Просениково, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Просениково и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Просениково, при што граѓаните од Просениково да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износ од 12.500,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 1.042,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” .

1. ЗА
2. ПРОТИВ

Член 8

Референдумот ќе се одржи на ден 18.11.2007 година (недела).

Член 9

Советот на општината со посебна одлука утврдува орган (комисија) кој ќе врши надзор за наменско трошење на средствата и употреба на средствата од самопридонесот.

Член 10

Средствата од самопридонесот ќе се користат сукцесивно според изведувањето на градежните работи - односно изградбата на водоснабдителниот систем во периодот јануари 2008 – декември 2008 година.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”, а ќе се објави преку средствата за јавно информирање.

Број 07-4764/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Дабиле за периодот од јануари 2008 до декември 2008 година

1. Се објавува Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Дабиле за период од јануари 2008 до декември 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4765/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................

**146.**

**Врз основа на член 28 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02), член 36 од Законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” број 81/05), член 7 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 20 и 67 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе**

**О д л у к а**
**за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните од населеното место Дабиле за период од јануари 2008 до декември 2008 година**

**Член 1**

**Се распишува референдум за воведување на самопридонес за населеното место Дабиле за период јануари 2008 -декември 2008 година.**

**Член 2**

**Самопридонесот се воведува за остварувањето на заедничките интереси и потреби на граѓаните од областа на комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење.**

**Член 3**

**Средствата од самопридонесот ќе се наменат за изградба на водоснабдителен систем –секундарна водоводна мрежа.**

**Вкупниот планиран износ на средствата од самопридонесот за финансирање на намената од член 1 на оваа Одлука ќе изнесува 11.200.000,00 денари.**

**Општина Струмица со средства од Буџетот на Општината ќе учествува со 50% од вкупниот износ..**

**Член 4**

**Самопридонесот се воведува во пари и тоа:**

**-секоја фамилија –кука да уплати вкупен износ од 14.000,00 денари, односно по 1.167,00 денари на 12 месечни рати почнувајки од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година.**

**Член 5**

**Обврзници за плаќање на самопридонес се сите граѓани,кои имаат живеалиште на подрачјето на кое се воведува самопридонес,лица кои имаат недвижен имот на тоа подрачје ,а живеат на друго место,како и други лица кои можат да имаат интерес од самопридонесот..**

**Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија за спроведување на локалните избори.**

**Член 6**

**Лица семејства кои ќе бидат ослободени од плаќање на самопридонес ке се утврдат на Собир на граѓани со мнозинство на гласови од присутните членови.**

**Член 7**

**Референдумското прашање ќе биде:**

**“Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Дабиле, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Дабиле и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Дабиле, при што граѓаните од Дабиле да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износ од 14.000,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 1.167,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” .**

**1. ЗА**
**2. ПРОТИВ**

**Член 8**

**Референдумот ќе се одржи на ден 18.11.2007 година (недела).**

**Член 9**

**Советот на општината со посебна одлука утврдува орган (комисија) кој ќе врши надзор за наменско трошење на средствата и употреба на средствата од самопридонесот.**

**Член 10**

**Средствата од самопридонесот ќе се користат сукцесивно според изведувањето на градежните работи - односно изградбата на водоснабдителниот систем во периодот јануари 2008 – декември 2008 година.**

**Член 11**

**Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”, а ќе се објави преку средствата за јавно информирање.**

**Број 07-4765/1 Совет на општина Струмица**
**18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,**

С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.
…………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Градско Балдовци за периодот од јануари 2008 до декември 2008 година**

1. Се објавува Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните на населеното место Градско Балдовци за период о д јануари 2008 до декември 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4766/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.......................

**147.**

Врз основа на член 28 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02), член 36 од Законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните ("Сл. весник на РМ" број 81/05), член 7 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 20 и 67 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните од населеното место Градско Балдовци за период од јануари 2008 до декември 2008 година**

**Член 1**

Се распишува референдум за воведување на самопридонес за населеното место Градско Балдовци за период јануари 2008 -декември 2008 година.

**Член 2**

Самопридонесот се воведува за остварувањето на заедничките интереси и потреби на граѓаните од областа на комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење.

**Член 3**

Средствата од самопридонесот ќе се наменат за изградба на водоснабдителен систем –секундарна водоводна мрежа.

Вкупниот планиран износ на средствата од самопридонесот за финансирање на намената од член 1 на оваа Одлука ќе изнесува 4.200.000,00денари.

Општина Струмица со средства од Буџетот на Општината ќе учествува со 50% од вкупниот износ.

**Член 4**

Самопридонесот се воведува во пари и тоа:
-секоја фамилија –куќа да уплати вкупен износ од 10.500,00 денари, односно по 875,00 денари на 12 месечни рати почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година.

**Член 5**

Обврзници за плаќање на самопридонес се сите граѓани,кои имаат живеалиште на подрачјето на кое се воведува самопридонес,лица кои имаат недвижен имот на тоа подрачје , а живеат на друго место, како и други лица кои можат да имаат интерес од самопридонесот..

Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија за спроведување на локалните избори.

**Член 6**

Лица семејства кои ќе бидат ослободени од плаќање на самопридонес ке се утврдат на Собир на граѓани со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 7**

Референдумското прашање ќе биде:

"Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Градско Балдовци, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Градско Балдовци и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Градско Балдовци , при што граѓаните од Градско Балдовци да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износ од 10.500,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 875,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година" .

1. ЗА
2. ПРОТИВ

Член 8

Референдумот ќе се одржи на ден 18.11.2007 година (недела).

Член 9

Советот на општината со посебна одлука утврдува орган (комисија) кој ќе врши надзор за наменско трошење на средствата и употреба на средствата од самопридонесот.

Член 10

Средствата од самопридонесот ќе се користат сукцесивно според изведувањето на градежните работи - односно изградбата на водоснабдителниот систем во периодот јануари 2008 – декември 2008 година.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица", а ќе се објави преку средствата за јавно информирање.

Број 07-4766/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Решение
за објавување на Заклучокот за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4769/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

......................

148.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

Заклучок
за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија

1.Се усвојува Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија.

2.Составен дел на овој Заклучок е Етичкиот кодекс.

3.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-4769/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………………

149.

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПОГЛАВЈЕ I – ОПФАТ НА КОДЕКСОТ

*Член 1 – Предмет на кодексот*

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор, како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

*Член 2 – Значење на изразите употребени во Кодексот*

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:
- *локален функционер* (во понатамошниот текст: *функционер*) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општините или градот Скопје, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;
- *локална самоуправа* ги опфаќа сите општини во Република Македонија и градот Скопје;
- *должност* ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именувана позиција, како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

ПОГЛАВЈЕ II – ПРИНЦИПИ

*Член 3 – Почитување на законите и актите на локалната самоуправа*

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

*Член 4 – Приоритет на јавниот интерес и негова заштита*

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес, а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

*Член 5 – Одговорност и отчет пред граѓаните*

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршењето на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

*Член 6 – Заштита на угледот на локалната самоуправа*

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

*Член 7 – Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа*

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршењето на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

*Член 8 – Исполнување на изборната програма и ветувањата*

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив, настојувајќи со нивното исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

ПОГЛАВЈЕ III – КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ

*Глава 1 – Пред преземање на должноста*

*Член 9 – Однесување во изборните кампањи*

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

*Член 10 – Финансирање на изборните кампањи*

Свесен за законските обврски во однос на финансирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту, пак, за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

*Глава 2 – Извршување на должноста*

***<u>Член 11 – Откажување од злоупотреба на должноста</u>***

Функционерот, свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

***<u>Член 12 – Спречување на коруптивно однесување</u>***

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротивстави на секое однесување што, согласно со законите, се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали е определено однесување коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

***<u>Член 13 – Спречување на судир на интереси</u>***

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има и личен или каков било друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува, тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуваат за него.

***<u>Член 14 – Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции</u>***

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту, пак, да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

***<u>Член 15 – Примена на дискреционите овластувања</u>***

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа, а функционерот што донел таква одлука е должен да има, и на барање да даде, детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.

***<u>Член 16 – Ограничување на примање и давање подароци</u>***

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршењето на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

***<u>Член 17 – Почитување на буџетската и финансиската дисциплина</u>***

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

*Глава 3 – По напуштањето на должноста*

***<u>Член 18 – Ограничување на поволности по напуштањето на должноста</u>***

По напуштањето на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

**ПОГЛАВЈЕ IV – НАЧИНИ НА НАДЗОР**

*Глава 1 – При преземање на должноста*

***<u>Член 19 – Утврдување на изворите и трошоците за кампањата</u>***

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон утврдување на изворите за финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

*Глава 2 – Во извршување на должноста*

*Член 20 – Пријавување на интересите*

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

*Член 21 – Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор*

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон надзор над неговата работа.

*Член 22 – Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување*

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

*Член 23 – Заштита на предупредувачите*

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои, заради заштита на јавниот интерес, предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

ПОГЛАВЈЕ V – ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

*Член 24 – Јавност во донесувањето на одлуките*

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

ПОГЛАВЈЕ VI – ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

*Член 25 – Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа*

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

*Член 26 – Почит кон вработените во локалните органи на власта*

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконски, коруптивен или неетички начин.

*Член 27 – Унапредување на работата на локалната самоуправа*

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасно и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

ПОГЛАВЈЕ VII – ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

*Член 28 – Активна и пропорционална транспарентност*

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршењето на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерите или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумска покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе преземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

***Член 29 – Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс***

**Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.**

***Член 30 – Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите***

**Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за преземање на должноста и започнување со нејзиното вршење.**

***Член 31 – Прифаќање на Етичкиот кодекс од кандидатите на изборите***

**Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.**

***Член 32 – Објавување на Етичкиот кодекс***

**Во рамките на можностите, локалната самоуправа презема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел - со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.**

***Член 33 – Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа***

**Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.**

***Член 34 - Следење на спроведувањето Кодексот на државно ниво***

**Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво, кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.**

**……………………..**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица во учебната 2006/2007 година**

**1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.**

| | |
|---|---|
| **Број 08- 4770/2** | **Градоначалник** |
| **22.10.2007 год.** | **на општина Струмица** |
| **С т р у м и ц а** | **Зоран Заев с.р.** |

**................................**

**150.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе**

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица во учебната 2006/2007 година**

**1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица во учебната 2006/2007 година, предложен од Училишниот одбор на Училиштето со Одлука број 03-37/1 од 27.09.2007 година.**
**2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".**

**Број 07-4770/1 Совет на општина Струмица**

**18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

**……………………**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица во учебната 2007/2008 година**

**1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица за учебната 2007/2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.**

**Број 08- 4771/2 Градоначалник**
**22.10.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**……………………**

**151.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе**

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица за 2007/2008 година**

**1.Се усвојува Годишната програма за работа на ОМУ "Боро Џони" Струмица за 2007/2008 година, предложен од Управниот одбор на Градинката со Одлука број 03-34/1 од 10.09.2007 година.**

**2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".**

**Број 07-4771/1 Совет на општина Струмица**
**18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

**……………………**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост Струмица**

**1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.**

**Број 08- 4772/2 Градоначалник**
**22.10.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**……………………**

**152.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе**

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Струмица за 2006/2007 година**

**1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Струмица за 2006/2007 година, предложен од Управниот одбор на Градинката со Одлука број 03-178 од 17.09.2007 година.**

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-4772/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка “Детска Радост” Струмица за 2007 – 2008 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка “Детска Радост” Струмица за 2007 - 2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.10.2007 година.

Број 08- 4773/2 Градоначалник
22.10.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................

**153.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица(”Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.10.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка “Детска Радост” Струмица за 2007 - 2008 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка “Детска Радост” Струмица за 2007 - 2008 година, предложен од Управниот одбор на Градинката со Одлука број 03-179 од 17.09.2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-4773/1 Совет на општина Струмица
18.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.